SCAN ME

# МАЃЕПСАН КРУГ

ПРОМЕНИ ГО
МИСЛЕЊЕТО
ОСТАНИ
НАДВОР ОД
МАЃЕПСАНИОТ
КРУГ

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
radio pela 96.8 FM
ЕУ со ТЕБЕ

Приказна 1

# Продадена слобода


Колку е часот?
Уште ја нема. Каде е сега заскитана?
Ќе си дојде. Можеби се заиграла со другарките.
Не е повеќе мала за да си игра. Порасна веќе. Колку време ѝ е потребно за да си дојде од училиште, а?!
Море, убаво јас реков повеќе да не оди на школо! Ама, ти си виновна за се! Ме разубеди нека оди, па, нека оди..! Била одлична ученичка...Па, што?
Смири се те молам. Ќе си дојде!
Здраво мамо и тато! Си дојдов.
Не, тато учевме, за природата, здравјето, за светот...
Што правите на училиште олку доцна? За џабе само таму времето го трошите.
И, зошто има потреба од сето тоа? Треба само да научите да читате, да пишувате и да ги познавате парите. Тоа е доволно!



Остави го сега учењето, Хелена. Не е тоа за нас сиромасите. Треба да ти кажеме нешто со татко ти...
Чедо мое, ти повеќе не си девојче, туку девојка. Па, како што е редот кај нас, време е да се мажиш.
Молам?! Јас да се мажам?! Едвај имам 14 години! Мамо... што зборуваш?!! А што е со училиштето? Јас сакам да учам и да бидам учителка...?!
Дојдоа стројници. Те бендисаа оти си многу убава. Момчето е од странство. Таму работи. Те побараа, за него, за жена!
Не можам да се мажам за некој кого не го сакам, некој кој не го познавам, кој го немам видено!!! Мамо, не ме давај! Спаси ме!!!!
Јас веќе го дадов зборот! Нема да ја испуштиш оваа прилика, која ти се пружила!
Мајкино, не плачи. Ајде не си дете, голема си. Не можеме ништо. Такви се нашите обичаи!
Така било и така ќе биде!!! За твое добро е!
Ама зошто, тато? Зошто ме мажиш?
Сакам да учам. Најдобра сум во целот клас. Денеска добив и 5 по мајчин јазик.
Треба да биде домаќинка, а нè да нè срами таму!
Не можеш чедо, не се мачи. Не плачи. Ајде може кај сопругот, во странство ќе продолжиш да учиш...


Извини, тато. Ама мислам ништо не згрешив. Јас само не сакам да се мажам.
Ајде прекини веќе! Ќе се мажиш!!! Луѓето дадоа 10.000 Евра за тебе!
Знаеш ли колку пари се тоа?! Цел живот да работиме, тие пари нема да ги собереме!
Те молам тато!
Јас како ќе кажам така ќе биде!!!
Ајде дојдоа луѓето, а Вие уште не сте подготвени! Ајде, ајде...!
Не сакам, јас, тато не сакам...
Никој не те прашува тебе. Завршена е работата.



Мамо, не ме давај! Спаси ме!!! Не ме оставај мамооо!!!
Хелено, ќерко, не ме заборавај мајкинааа!!!
Ах, зар иста судбина ќерко како и јас? И, двете продадени невести. Ах...!
ЈАС СУМ ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ! НЕ МОЛЧЕТЕ, ПРИЈАВУВАЈТЕ – СПРЕЧЕТЕ ЈА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА!

Приказна 2

# Не молчете, пријавете


Ве молам бидете мирни, не трчајте низ соба. Ќе турнете нешто.
Даде, ми се јаде.
Бев гладна јас го изедов.
Има уште малку леб во шкафчето. Оди земи.
Ќе се врати мама и ќе ни донесе вкусни јадења… млеко, бисквити, бананин, чоколадо...
Чоколадо
Чоколадо
Чоколадо
Чоколадо
Ах, Господе… зошто пак им дадов надеж?
Мамо, ти си?
Јас сум чедо…


Добре дојде мамо, дај да ти помогнам.
Ништо не донесов, чедо...
Половина дневница нѝ дадоа. Премалку е, ништо не донесов...
Ќе направиме попара со вода и шеќер. Одам да купам стар леб и се враќам.
Добар ден, Ристано. Дојдов по киријата за цела година и по заемот што го немаш вратено, денарче немаш дадено.
Немам сега. Да ме почекате уште малку.
Или, враќај ми го долгот, или излегувајте од куќата!
Немојте господине! Имам деца, ве молам... Да ви дадам накит, немам. Немам, што да продадам, Вам долгот да ви го исплатам.
Добар ден.
Која е оваа, Ристано?
Најголемата ќерка, Ангелина.
Имаш ти нешто што вреди. Еве, Ангелина. Продај ми ја за невеста.
Јас немам ќерка за продавање!
Размисли. Долгот ќе го избришеме. Еве плус ќе дадам и некоја пара.
Кажав не!!!


Мораш, мамо, за сестрите. Нема друг начин.
Ќе работам и ноќе! Не те давам!
Господине, дојдете утре. Ја прифаќаме понудата.
Утре сабајле доаѓам по тебе, ангелу мој.
Господе, се надевам дека денеска и нас ќе нѐ огрее сонцето.
Чедо, си станала многу рано...
Ристано, дојдов по мојата жена. Еве ги и парите. Долгот ти е отплатен.


Добро утро! Ние сме од Центарот за социјални работи!
Вие сте Ристана? Ви благодариме што пријавивте.
Господине, ова девојче има едвај 16 години. Ова е трговија со деца. Вие не смеете вака да го наплатите долгот. Затоа следува кривична одговорност! Случајот ќе биде поднесен до полиција и јавен обвинетел, кои ќе постапат согласно нивните надлежности.
Подгответе ги децата. Одиме на сигурно место. Ќе бидете заштитени.
Не плачи мамо, ти благодарам!
Дете мое, се спасивме!
Ова не се солзи таговни... ова се солзи радосници!
ОВА МОЖЕ ДА БИДЕ И ТВОЈАТА ЌЕРКА! ПРИЈАВИ ГО ПРИНУДНИОТ БРАК! НЕ ЧЕКАЈ, ПРИЈАВИ!

Приказна 3

# Купена Судбина


Даниел, донеси ја и таа столица.
Веднаш мајко.
Леле, убав тој на мајка, ќе го ожениме. Го дочекав и тој ден.
Добро, мајко, не се возбудувај. Не е ништо важно. Обична венчавка пред матичар.
Како не е важно? Те чекав 40 години да се ожениш. Наместо како сите на 25-26 години да ми донесеше невеста, мораше да ти најдеме жена на 40.
Добар ден. Извинете ако задоцнив.
Не сте Вие задоцнети. Невестата ја нема.
Како ја нема невестата? Се откажа венчавката?
Не, не, мајка ми се изрази, погрешно. Малку доцни невестата, ама ќе дојде.
Ох, тоа е нормално, скоро сите невести доцнат.
Кај нас задоцнета е со години.
Мајкооо, те молам!
За срамота, доцниме!
Мамо, те молам, не ме давај!


Не се противи, ни требаат пари за лекување. Сакаш ли брат ти да остане инвалид?!
Ќе работам и јас, ама не мажете ме за овој човек! Јас си сакам друго момче.
Си сакала, си отсакала. Било, поминало. Сега ќе го сакаш овој човек. Сите така сме правеле! На младост сме се заљубувале, ама татко како ќе рече сме слушале. А сега се работи за твојот брат.
Леле колку е убава, ќе ни роди внучиња!
Ооо, вие мора да сте свекорот, сватот?
Не! Јас сум зетот!
Леле, машала, каков зет. Зрел, зет...
Тато, овој ли ќе ми биде маж?
Гледај колкав е — мажиште!
Мамо, јас го сакам Теодор... Не ме мажи!


Верувај ми! Ова ќе ти биде најсреќниот ден.
Ова е мојот најтажен ден, мамо!
Денес сме тука за да склучиме брак помеѓу Даниел и Емануела. Дали има некој против?
Не, не, не!
Не, не, не!
Значи нема никој против?! Продолжуваме, за Еманула е доставен извод на родени. Таа е малолетна, но за венчавката нејзините родители дадоа согласност. Дали е така?
ДА, ДА...
ДА, ДА...
Обезбедена е потврда од Советувалиштето за брак и семејство. Има одобрение од Основниот суд, поднесени се сите барања за одобрение младите да стапат во брак. И, според овие документи нема пречки за склучување на овој брак.


Даниел, дали ја земаш Емануела за жена?
Да!
Емануела, го земаш ли Даниел за маж?
Да...
Ве прогласувам за маж и жена!
Илјада... пет илјади. Еве го мојот дел од договорот.
Браво, зете! Нека ви е честит бракот!
ЈАС НЕ СУМ НИЧИЈ РОБ! НЕ САКАМ ДА МЕ ЗЛОСТАВУВААТ! ПРИЈАВИ И ПОМОГНИ МИ!

Приказна 4

# Збогување со сонцштата


Колку убаво пеат птиците... Којзнае за што зборуваат – за љубов, можеби?
Можеби не пеат за љубов. Можеби за тага...за разделба.


Те сакам.
И јас тебе, Кате.
Имам грутка во мене... Не можам да спијам.
Кажи што е?! Те молам.
Моето семејство живее сè потешко од како татко ми остана без работа, а мајка ми падна болна. Сега целиот товар е на мене. Не можеме да се прехраниме, а нѝ требаат пари и за лекарства.


Сакаат да се оженам со вдовица, жена од странство... за документи, за пари.
Како можеш?!! Ти? Со друга?!
Не те оставам од љубов, Кате! Од беда е ова!
Ќе работиме заедно. Ќе се бориме! Немој тоа да го правиш. Немој да се продаваш за пари!


Не можам. Моите ме тераат. За семејството, морам!
Зошто, Лука?! Зошто од целиот свет мораше ние да се разделиме?!
Бидејќи сме сиромашни, Кате, без пари... Ти си мојот свет, мојот живот, мојата единствена љубов, но ќе мора да се разделиме. Јас заминувам за неколку часа...
Оваа нѝ е последна средба, нели?!
Последна, Кате...
ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ Е ЖИВОТ ВО РОПСТВО!!! СИТЕ МОЖЕМЕ ДА СТАНЕМЕ ЖРТВИ! НЕ МОЛЧЕТЕ, ПРЕПОЗНАЈТЕ И ДЕЛУВАЈТЕ!!!

**Стрип илустратор:** Дарко Талески /стрипмејкер/ликовен уметник/

**Прилагодување на текстот:** Елизабета Филипоска /новинар/, Гордана Цветаноска /новинар/

**Реализација:** Радио Пела - Прилеп /локален медиум/во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје и ЕУ

Публикацијата е поддржана од  проектот: „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија" кој се имплементира во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Турција".

Имплементацијата на проектот се спроведува во тесна соработка со националните министерства и организациите на граѓанското општество. Програмата, меѓу другото, придонесува за спречување на трговијата со деца преку „одржливо градење на капацитетите на клучните засегнати страни (полициски службеници, судии, обвинители, адвокати, граѓански организации, медиуми)" и подигање на свеста насочено кон децата, младите луѓе, службениците за образование, социјалните работници и пошироката јавност.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа

**МКД**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа